Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2699/5 од 22.07.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 22.07.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година, бр.05-2099/1 од 28.05.2021 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 125.317.233,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 5.400.000,00 денари, наменети за:

- зголемување на средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 месеци во 2021 година во износ од 4.500.000,00 денари;
- зголемување на средства за одржување на противпожарната – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) во износ од 500.000,00 денари и
- зголемување на средства за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација во износ од 400.000,00 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Групната ставка **460 – Вкалкулирани плати** се намалува за 4.500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 56.723.233,00 денари, изнесува 52.223.233,00 денари.
- Позицијата **460000 – Нето плати и надомести за плати** се намалува за 2.970.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 37.330.103,00 денари, изнесува 34.360.103,00 денари.
- Позицијата **460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати** се намалува за 270.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.510.625,00 денари, изнесува 3.240.625,00 денари.
- Позицијата **460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** се намалува за 846.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 10.663.968,00 денари, изнесува 9.817.968,00 денари.
- Позицијата **460310 – Придонес за вработување** се намалува за 54.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 680.678,00 денари, изнесува 626.678,00 денари.

- Позицијата **<u>460320 – Придонес за здравствено осигурување</u>** се намалува за 337.500,00 денари и наместо сегашниот износ од 4.254.243,00 денари, изнесува 3.916.743,00 денари и
- Позицијата **<u>460330 – Придонес за професионално осигурување</u>** се намалува за 22.500,00 денари и наместо сегашниот износ од 283.616,00 денари, изнесува 261.116,00 денари.
- Групната ставка **<u>414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани</u>** се зголемува за 4.500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.670.000.000,00 денари, изнесува 11.170.000,00 денари.
- Позицијата **<u>414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата</u>** се зголемува за 4.500.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 4.705.000,00 денари, изнесува 9.205.000,00 денари.
- Групната ставка **<u>414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани</u>** ќе се зголеми за 4.500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.670.000,00 денари, изнесува 11.170.000,00 денари.
- Позицијата **<u>414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата</u>** се зголемува за 4.500.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 4.705.000,00 денари, изнесува 9.205.000,00 денари.
- Групната ставка **<u>402 – Инвестиционо одржување на средствата</u>** се зголемува за 900.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 11.955.000,00 денари, изнесува 12.855.000,00 денари.
- Позицијата **<u>402040 – Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – опрема</u>** се зголемува за 900.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 2.480.000,00 денари, изнесува 3.380.000,00 денари.
- Групната ставка **<u>417 – Интелектуални и други услуги</u>** се намалува за 700.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 19.839.000,00 денари, изнесува 19.139.000,00 денари.
- Позицијата **<u>417800 – Други неспомнати услуги – истражување</u>** се намалува за 700.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 3.422.000,00 денари, изнесува 2.722.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – доставување на податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и локално ниво за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка се склучи договор со понизок износ од планираниот.
- Групната ставка **<u>418 – Останати други расходи</u>** се намалува за 200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.424.000,00 денари, изнесува 6.224.000,00 денари.
- Позицијата **<u>418800 – Други расходи</u>** се намалува за 200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.424.000,00 денари, изнесува 6.224.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – ревизорски услуги за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка се склучи договор со понизок износ од планираниот.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

# О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година, со цел да се обезбедат средства наменети за:

- зголемување на средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 месеци во 2021 година во износ од 4.500.000,00 денари;
- зголемување на средства за одржување на противпожарната – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) во износ од 500.000,00 денари и
- зголемување на средства за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација во износ од 400.000,00 денари.

За горенаведените исплати потребно е да се обезбедат средства во вкупен износ од 5.400.000,00 денари.

Во усвоениот Финансиски план за 2021 година, беа предвидени средства за надоместоци за членовите на Советот и тоа за период од 6 месеци на ставката Вкалкулирани плати и за период од 6 месеци на ставката Надоместоци на трошоци на работници и граѓани. Од причина што сеуште нема избор на нови членови на Совет на Агенцијата кои треба да бидат на платниот список на Агенцијата, потребно е средствата од групната ставка Вкалкулирани плати во износ од 4.500.000,00 денари да се префрлат на групната ставка Надоместоци на трошоци на работници и граѓани за период од 6 месеци. Ставката Инвестиционо одржување на средствата ќе се зголеми за 900.000,00 денари, од кои 500.000,00 денари ќе се однесуваат за зголемување на средства за одржување на противпожарната – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и 400.000,00 денари се за зголемување на средства за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација. Зголемувањето на средства кои се однесуваат за одржување на противпожарната – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) ќе се однесува за набавка на нова опрема и нивна монтажа во самиот систем за противпожарна заштита, како и набавка на комплетно нова централа која ќе овозможи непречено работење на системот. За ова во Финансискиот план беа предвидени 300.000,00 денари, кои со дополнителните 500.000,00 денари се зголемуваат на 800.000,00 денари. За системот за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација во Финансискиот план беа предвидени 600.000,00 денари, кои со дополнителните 400.000,00 денари, се зголемуваат на 1.000.000,00 денари. Овие дополнителни средства се потребни за подобро функционирање на системот.

За да се обезбедат 4.500.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година и тоа: Групната ставка 460 - Вкалкулирани плати се намалува за 4.500.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 56.723.233,00 денари изнесува 52.223.233,00 денари. Позицијата 460000 – Нето плати и надомести за плати се намалува за 2.970.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 37.330.103,00 денари изнесува 34.360.103,00 денари. Позицијата 460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати се намалува за 270.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 3.510.625,00 денари изнесува 3.240.625,00 денари. Позицијата 460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување се намалува за 846.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 10.663.968,00 денари изнесува 9.817.968,00 денари. Позицијата 460310 – Придонес за вработување се намалува за 54.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 680.678,00

денари изнесува 626.678,00 денари. Позицијата 460320 – Придонес за здравствено осигурување се намалува за 337.500,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 4.254.243,00 денари изнесува 3.916.743,00 денари и Позицијата 460330 – Придонес за професионално осигурување се намалува за 22.500,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 283.616,00 денари изнесува 261.116,00 денари.

Групната ставка 414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани се зголемува за 4.500.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 6.670.000,00 денари изнесува 11.170.000,00 денари. Позицијата 414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата се зголемува за 4.500.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 4.705.000,00 денари изнесува 9.205.000,00 денари.

За да се обезбедат 900.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година и тоа: Групната ставка 402 – Инвестиционо одржување на средствата се зголемува за 900.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 11.955.000,00 денари изнесува 12.855.000,00 денари. Позицијата 402040 – Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – опрема се зголемува за 900.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 2.480.000,00 денари изнесува 3.380.000,00 денари. Групната ставка 417 – Интелектуални и други услуги се намалува за 700.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 19.839.000,00 денари, изнесува 19.139.000,00 денари. Позицијата 417800 – Други неспомнати услуги – истражување се намалува за 700.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 3.422.000,00 денари, изнесува 2.722.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – доставување на податоци за досегот на радиостаниците и за уделот на во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и локално ниво за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка се склучи договор со понизок износ од планираниот. Групната ставка 418 – Останати други расходи се намалува за 200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.424.000,00 денари, изнесува 6.224.000,00 денари. Позицијата 418800 – Други расходи се намалува за 200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.424.000,00 денари, изнесува 6.224.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – ревизорски услуги за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка се склучи договор со понизок износ од планираниот.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2021 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 125.317.233,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2699/5 од 22.07.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги на 21-та седница одржана на 22.07.2021 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 05-2788/1**

**23.07 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;